MKT_GENERAL_ALL
2017000476710

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 01-379010/1
Дата 03-11-2017

# ОФИЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА „ДОПОЛНИ И ДОБИЈ"

## ЧЛЕН 1. ОРГАНИЗАТОР

Организатор на Наградната игра „Дополни и добиј" (понатаму именувана само како Наградна игра) е Трговското друштво Македонски Телеком АД – Скопје (во понатамошниот текст: Македонски Телеком), со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Република Македонија, претставувано од Андреас Елснер, Главен извршен директор и Назим Буши, Главен оперативен директор (во понатамошниот текст: Организатор). Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со овие Официјални правила на Наградната игра (во понатамошниот текст: Официјални правила).

## ЧЛЕН 2. ОПИС И ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

2.1. Официјалното име на Наградната игра е „Дополни и добиј".

2.2. Наградната игра „Дополни и добиј" е игра на среќа наменета за припејд корисниците на Македонски Телеком, кои преку услугите обезбедени од Македонски Телеком ќе имаат можност да учествуваат. Предуслов за учество во Наградната игра е припејд корисникот најпрвин да се регистрира за учество во Наградната игра со јавување или праќање бесплатна кратка текстуална порака (SMS) со текст „START" на бројот 1469 (број на Наградната игра). По регистрацијата, учесникот со секое надополнување на својата сметка со кој било вредносен ваучер на Македонски Телеком има можност за добивка на некоја од наградите во согласност со овие Официјални правила. Сите учесници кои ќе се вклучат во Наградната игра учествуваат во извлекувањето на дневните награди, додека сите учесници кои за времетраењето на Наградната игра ја имаат надополнето својата сметка во износ кумулативно поголем од 600 денари, учествуваат во извлекувањето за главната награда на крајот од Наградната игра, а согласно овие Официјални правила. Добитниците на наградите се извлекуваат софтверски, по случаен избор.

## ЧЛЕН 3. ТЕРИТОРИЈА

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Македонија и ќе биде достапна единствено за припејд корисниците на Македонски Телеком.

## ЧЛЕН 4. ЦЕЛ

Наградна игра се приредува заради рекламирање на услугите кои ги обезбедува Македонски Телеком на своите корисници, односно услугата за надополнување припејд сметка. Наградната игра ќе се рекламира во електронските (радио и интернет) и социјални медиуми.

## ЧЛЕН 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра ќе започне од 20.11.2017 година и ќе трае до 08.01.2018 година.

## ЧЛЕН 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество во Наградната игра имаат сите деловно способни лица, постари од 18 години, кои се припејд корисници на услугите на Македонски Телеком. Вработените во Македонски Телеком, како и членовите на нивното потесно семејство, немаат право на учество во Наградната игра.

## ЧЛЕН 7. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

7.1. Учесник во Наградната игра е секој припејд корисник на услугите на Македонски Телеком кој ги исполнува условите од член 6 од овие Официјални правила, којшто во периодот на времетраењето на Наградната игра ги исполнува следните услови:

- Се регистрирал за учество во Наградната игра според постапката предвидена во овие Официјални правила,
- Ја надополнил својата сметка со кој било вредносен ваучер на Македонски Телеком, неговата СИМ картичка е активна за целото времетраење на Наградната игра, како и во моментот на добивање награда од Наградната игра

7.2. Доколку добитник на наградата е корисник на претплатничка линија и број кој во евиденцијата на Македонски Телеком не е заведен како сопственик на бројот, тој треба во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на добитникот со приложување на СИМ картичката да докаже дека претплатничката линија и број ја има во владение и редовно ја употребува и со пополнување соодветни обрасци да изврши промена на сопственост на претплатничката линија согласно важечките процедури на Македонски Телеком, во некој од продажните салони на Македонски Телеком.

7.3. Како што е наведено во член 9 од овие Официјални правила, со јавување или праќање SMS порака со текст „START" на бројот 1469, Учесникот ги прифаќа Официјалните правила на Наградната игра.

## ЧЛЕН 8. ТАРИФИРАЊЕ

8.1. Секој припејд корисник на услугите на Македонски Телеком што ќе се вклучи во Наградната игра, со јавување или праќање SMS порака со текст „START" на бројот 1469, добива право на учество за целото времетраење на од Наградната игра. Повиците и SMS пораките со коишто учесниците во Наградната игра ќе се регистрираат на бројот 1469 се бесплатни.

8.2. Секој припејд корисник на Македонски Телеком кој ќе се регистрира во Наградннта игра автоматски ќе добие 500 MB мобилен интернет бесплатно кој може да го користи една недела (7 дена) од денот на регистрација. За доделување на бесплатниот интернет корисникот ке биде известен по СМС.

8.3. За целото времетраење на Наградната игра, учесникот има право да прати SMS порака со текст „STOP" на бројот 1469 и со тоа да го запре понатамошното учество во Наградната игра. Доколку корисникот којшто запрел со учество во Наградната игра одлучи повторно да се регистрира со јавување или праќање клучен збор „START" на бројот 1469, повторната регистрација нема да му биде наплатена.

8.4. Доколку корисникот којшто запрел со учество во Наградната игра одлучи повторно да се регистрира во Наградната игра нема повторно да добие бесплатен интернет од 500 MB. Бесплатните 500 MB мобилен интернет корисникот ги добива само при првата регистрација во Наградната игра.

## ЧЛЕН 9. МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА

9.1. Учесникот се вклучува во Наградната игра со јавување или праќање SMS порака со текст „START" на 1469, по што добива информативна порака за Наградната игра од страна на Организаторот (потврда за учество во Наградната игра).

9.2. Начин на игра:

- Во Наградната игра учествуваат сите учесници кои се регистрирале со јавување или пракање SMS порака со текст „START" на бројот 1469 и ја надополниле својата припејд сметка по регистрацијата. Притоа, откако учесникот ќе изврши надополнување на својата припејд сметка, добива 1 поен со секој надополнет ваучер, независно од износот на ваучерот.
- Секој учесник што има извршено барем едно надополнување во текот на денот влегува во дневниот циклус за денот во кој го има извршено надополнувањето и се стекнува со можност за награда која се доделува во соодветниот ден:
    - За времетраењето на Наградната игра, секој ден претставува еден дневен циклус со времетраење од 24 часа. Дневниот циклус за еден календарски ден започнува во 00:00:00 часот и завршува во 23:59:59 часот;
    - За секој дневен циклус се доделува по една награда на еден учесник во дневниот циклус. Наградата која се доделува во дневниот циклус е мобилен телефон Samsung J5 2017;
    - Поените кои учесникот ги добил со надополнување на својата припејд сметка во еден конкретен дневен циклус не можат да се пренесуваат во други дневни циклуси, односно по затворањето на дневниот циклус во кој учесникот партиципирал, поените за учество кои ги добил во тој дневен циклус не се пренесуваат во следниот дневен циклус и за повторно учество во некој од следните дневни циклуси ќе биде потребно учесникот да изврши повторно надополнување на својата сметка;
    - Извлекувањето на добитникот ќе се врши по случаен избор и ќе се однесува на сите учесници во соодветниот дневен циклус.
- За да учествува во извлекувањето за главната награда, учесникот е потребно да изврши кумулативно надополнување на својата сметка за времетраењето на Наградната игра во износ еднаков или поголем од 600 денари.
    - Циклусот за главната награда е со времетраење од 50 дена и тој започнува во 00:00:00 часот на 20.11.2017, а завршува во 23:59:59 часот на 08.01.2018 година.
    - Се доделува една главна награда (автомобил Volkswagen up!) за целото времетраење на Наградната игра.

- Учесникот којшто го исполнил условот за учество во извлекувањето на главната награда ги пренесува сите поени кои ги собрал од учеството во дневните циклуси во текот на наградната игра.
- Извлекувањето на добитникот на главната награда ќе биде по случаен избор и ќе се однесува на сите учесници во Наградната игра кои ги исполниле условите за учество во извлекувањето за главната награда.

*Пример: Учесникот на ден 29.11.2017 година дополнил ваучери од 100 и од 590 денари. Ваучерот од 100 денари е еквивалентен на 1 поен, како и ваучерот од 590 денари кој е еквивалентен на 1 поен, со што учесникот добил 2 поена за учество во Наградната игра. Со овие 2 поена, учесникот добива право за учество и за добивање на:*

*- дневна награда во дневниот циклус на 29.11.2016 година;*

*- главната награда (со оглед дека извршил кумулативно надополнување на својата сметка за времетраењето на Наградната игра во износ еднаков или поголем од 600 денари).*

*Со наведените 2 поена, Корисникот нема право на учество и добивање на:*

*- дневна награда во наредните дневни циклуси;*

*Наведените 2 поена не се акумулираат за наредните дневни циклуси. Поените се акумулираат за цели на извлекувањето на Главната награда каде што учесникот учествува со сите поени добиени за времетраењето на Наградната игра.*

9.3. Секој учесник од еден телефонски број може да освои најмногу една дневна награда во текот на целата Наградна игра. Во случај кога некој учесник освоил дневна награда, тој не може повторно да освои дневна награда, но учествува во извлекувањето за главната награда на крајот на Наградната игра, доколку се исполнети условите определени со овие Официјални правила.

9.4. Учесникот може во секој момент да се одјави од Наградната игра со праќање SMS порака со текст „STOP" на бројот 1469. По одјавувањето од Наградната игра, учесникот учествува во извлекувањата од дневниот циклус за коишто има надолнето ваучер, како и во извлекувањето за главната награда, доколку ги исполнува условите предвидени со овие Официјални правила.

9.5. Учесникот може во секој момент да изврши преглед на состојбата на своите поени со праќање бесплатна SMS порака на бројот 1469 со коден збор:
- DEN – доколку учесникот сака да види со колку вкупно поени учествува во соодветниот дневен циклус до моментот на праќање на пораката;
- GLAVNA - доколку учесникот сака да види со колку вкупно поени учествува во циклусот за освојување на главната награда.

## ЧЛЕН 10. НАГРАДЕН ФОНД

10.1. Во Наградната игра ќе бидат доделени следниве награди:

| ОПИС | КОЛ. | ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА БЕЗ ДДВ | ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА СО ДДВ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА БЕЗ ДДВ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА СО ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| Мобилен телефон Samsung J5 2017 | 50 | 12.337,68 | 14.558,46 | 616.884 | 727.923 |
| Автомобил Volkswagen up! | 1 | 542.760 | 640.457 | 542.760 | 640.457 |
| **ВКУПЕН НАГРАДЕН ФОНД** | | | | | 1.368.380 |

* Одговорноста за исправноста на уредите, како и гаранцијата паѓа на товар на добавувачот на уредите, согласно гарантното писмо кое доаѓа со секој уред.

10.2. Вкупниот награден фонд изнесува 1.368.380 денари (еден милион триста шеесет и осум илјади триста и осумдесет денари).

10.3. Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и во никој случај нема да бидат доделени повеќе награди од оние коишто се претходно определени. Нема да постои замена на наградите со други парични награди или други типови награди од иста вредност.

10.4. Наградниот фонд е обезбеден од страна на Македонски Телеком.

## ЧЛЕН 11. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

11.1. Добитниците на наградите се извлекуваат во просториите на Македонски Телеком АД Скопје на адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, со помош на специјален софтвер обезбеден од Македонски Телеком, кој по случаен избор го избира добитникот на наградата од дневните циклуси и главната награда.

11.2. Извлекувањето награда од еден дневен циклус се врши од листа составена од сите учесници кои ја имаат надополнето својата припејд сметка во времетраењето на циклусот за кој се однесува наградата со вкупниот број на бодови акумулирани од надополнувањата извршени во тој дневен циклус. Со почесто надополнување на ваучери во дневниот циклус, се зголемуваат поените за учество во извлекувањето на наградата за односниот дневен циклус, а со тоа се зголемуваат и шансите за добивка на наградата од дневен циклус.

11.3. Во извлекувањето за главната награда учествуваат сите учесници кои ја имаат надополнето својата припејд сметка кумулативно во износ поголем или еднаков на 600 денари за времетраењето на Наградната игра и тоа со вкупниот број на бодови акумулирани од надополнувањата извршени за време на Наградната игра. Со почесто надополнување на ваучери за целото времетраење на Наградната игра, се зголемуваат поените за учество во извлекувањето на Главната награда, а со тоа се зголемуваат и шансите за добивка на Главната награда.

11.4. Извлекувањето за дневните награди ќе се врши секој ден кој следи по денот за кој се однесува извлекувањето, освен во неработните денови, односно сабота, недела и државен празник. Во тој случај, извлекувањето ќе се врши првиот работен ден по денот за кој се однесува соодветната награда.

> Пример: Наградите кои се однесуваат на добитниците за петок и сабота, ќе се извлечат во понеделниците (првиот работен ден) заедно со наградата за недела. Доколку во текот на неделата има државен празник, и денот е неработен, извлекувањето ќе се изврши првиот нареден работен ден.

11.5. Извлекувањето за главната награда ќе се изврши на ден 09.01.2018 година.

11.6. Сите извлекувања наведени во член 11.2. и 11.3. од овие Официјални правила ќе се вршат од 10.00 до 11.00 часот.

11.7. При секое извлекување награда, покрај првоизвлечениот добитник, ќе се извлекуваат и двајца резервни добитници. Извлекувањето на наградите, односно определувањето на добитниците и резервните добитници го контролира Комисија составена од 2 (двајца) претставници од Организаторот.

11.8. За секое извршено извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени телефонскиот број на извлечениот добитник и добиената награда, како и телефонските броеви на резервните добитници.

## ЧЛЕН 12. ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

12.1. Личните податоци (име и презиме) и телефонските броеви на добитниците на наградите (во формат 07X XXX XYY) ќе бидат објавувани на интернет страницата www.telekom.mk, најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот кога е извршено извлекувањето на соодветната награда. Списокот со добитинци ќе биде објавен на веб страницата 30 (триесет) дена од извлекувањето на главната награда.

12.2. Македонски Телеком е должен во рок од 3 (три) работни дена од денот за кој се однесува наградата да го контактира секој учесник кој освоил награда преку јавување на бројот преку кој учесникот партиципирал во Наградната игра, со цел да го извести за наградата и начинот како да ја подигне. При ваквиот контакт, соодветниот учесник - добитник на награда, треба да ги достави своите лични податоци (име и презиме, адреса и ЕМБГ) заради идентификација и доделување на освоената награда.

12.3. Добитникот има право да ја подигне наградата по истекот на рокот за приговор (член 14), а најдоцна во рок од 30 (триесет) дена од денот на објавување на добитникот. Доколку добитникот не ја подигне наградата во рок од 30 (триесет) дена, наградата се пренесува на првиот резервен добитник, кој има право да ја подигне наградата во рок од 10 (десет) дена, кои почнуваат да сметаат по триесетте дена од извлекувањето на првиот добитник. Доколку и првиот резервниот добитник не ја подигне наградата, вториот резервен добитник има право да ја подигне наградата во рок од 10 (десет) дена, кои почнуваат да се сметаат по истек на 40 (четириесет) дена од извлекување на првиот добитник

12.4. За да ја подигне својата награда, добитникот на наградата мора да ги исполнува сите услови наведени во овие Официјални правила, како и:

- Да ја покаже СИМ картичката со којашто учествувал во Наградната игра;

- Да се легитимира со важечка лична карта, или со нотарски заверено полномошно, како и важечка лична карта на ополномоштеното лице во случај кога наградата ја прима полномошник во замена за добитникот - физичко лице;
- Доколку бројот на добитникот се води на правно лице, потребно е добитникот – физичко лице примател на наградата - да се легитимира со важечка лична карта и полномошно кога наградата ја прима во име на правното лице или согласност од правното лице кога ја прима наградата во свое име, заверени и потпишани од страна на правното лице.

12.5. Подигнувањето на наградата се потврдува со потпишување записник меѓу добитникот и претставникот на Организаторот, а по доставувањето на документите согласно претходната точка 12.4., секоја од наградите ќе се подига во просториите на Македонски Телеком.

12.6. Секоја освоена награда, на добитниците ќе им биде врачена од страна на Македонски Телеком, само доколку таа биде подигната лично од добитникот или преку лице овластено од добитникот со заверено полномошно. Доделување награда на каков било друг начин или на друго лице не е дозволено.

12.7. Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако:

- Се откаже од примањето на наградата во писмена форма;
- Не е достапен за контакт во рокот утврден во член 12.2. од овие Официјални правила;
- Пред подигањето на наградата телефонскиот број преку кој учествувал во Наградната игра е привремено или целосно деактивиран; или
- Во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно точките 12.2. и 12.4. од овој член, кои се неопходни за доделување на наградата.

12.8. Ако во рамките на утврдените рокови и согласно правилата утврдени погоре не се додели наградата на извлечениот добитник, дополнително ќе се повика првиот резервен добитник. Доколку и тој не ги исполнува условите или не ја подигне наградата во дадените рокови, согласно условите и правилата на Наградната игра, ќе се повика вториот резервен добитник. Доколку и вториот резервен добитник не ги исполнува условите или не ја подигне наградата во дадените рокови согласно условите и правилата на Наградната игра, Организаторот нема да врши повторно извлекување нов добитник и наградата ќе остане недоделена.

## ЧЛЕН 13. ОДГОВОРНОСТ

13.1. Учесникот разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра по своја сопствена волја и на свој сопствен ризик и трошок.

13.2. Организаторот нема никаква одговорност пред учесниците чиј телефонски број бил искористен за учество во наградната игра од страна на трето лице.

13.3. Организаторот нема никаква одговорност за какво било доцнење или неможност да се прати или прими SMS порака или повик поради технички проблеми, доцнење во трансмисија или дефект во комуникациска линија во текот на траењето на Наградната игра.

13.4. Организаторот не дава гаранција на кој било учесник дека ќе биде добитник на награда без оглед на бројот на извршени надополнувања на припејд сметката на бројот со кој учесникот учествувал во наградната игра.

13.5. Организаторот не одговара во случај кога награда не може да биде доделена или искористена поради:

- Неможност добитникот или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови;
- Околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од негова контрола.

## ЧЛЕН 14. ПРИГОВОРИ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

14.1. Во случај на несогласување, учесникот може да поднесе приговор до Македонски Телеком, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите и тоа на адреса на деловните простории на Македонски Телеком.

14.2. Македонски Телеком е должен да одлучи по приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на приговорот, за тоа писмено да го извести учесникот.

14.3. Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат во духот на добрите обичаи и спогодбено, а во случај на спор, тој ќе биде решен во согласност со важечките закони на Република Македонија и пред надлежните судови во Скопје.

**ЧЛЕН 15. ЗАМЕНИ И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДИТЕ**

15.1. Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во Официјалните правила од страна на Организаторот. Замена на наградите со други предмети или други противвредности не е дозволена. Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број награди од назначениот.

**ЧЛЕН 16. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ**

16.1. Со регистрацијата извршена со јавување или праќање SMS порака до бројот 1469 на Наградната игра, Корисникот стекнува право на учество во Наградната игра и се согласува, односно дава согласност:

- Да се обработуваат неговите лични податоци само за целите на учество во Наградната игра;
- Да биде контактиран од страна на Македонски Телеком, со информативни и промотивни SMS пораки во врска со Наградната игра.

16.2. За учество во јавни настапи на организаторот со промотивен карактер во врска со врачување на наградите, потребна е дополнителна согласност од секој добитник. За учеството во ваквите јавни настапи, добитниците немаат право на дополнителен надомест.

16.3. Информации во врска со Наградната игра и Официјалните правила на Наградната игра може да се добијат на интернет страницата www.telekom.mk.

16.4. Овие Официјални правила влегуваат во сила од денот на нивното објавување на интернет страницата Македонски Телеком и ќе бидат објавени на неа 1 (еден) ден пред почетокот на Наградната игра, по претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Македонија.

Потпишано за и во име на
Македонски Телеком

Датум:

Андреас Елснер,
Главен извршен директор

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

Назим Буши,
Главен оперативен директор